Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 49, 15 ноември 2010 година

ноември 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармакогенетика и биотехнологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област инструментална фармацевтска анализа на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област клиничка биохемија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област аналитика на лекови и стабилност на лекови на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 41

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебникот „Методи на минирање” од проф. д-р Ристо Дамбов од Факултетот за природни и технички науки, Институт за рударство при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот (скрипта) „Солфеж 1“ од д-р Илчо Јованов, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 59

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ (СКРИПТА) „СОЛФЕЖ 1“ ОД Д-Р ИЛЧО ЈОВАНОВ, ДОЦЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Со Одлука бр.1902-97/26 од 24.9.2010 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на својата редовна седница, одржана на 23.9.2010 година, ги избра за рецензенти:

- м-р Гоце Гавриловски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и
- Георги Мицанов, доцент спец. на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип,

за рецензија на приложениот ракопис за издавање на скрипта **„Солфеж 1“ од д-р Илчо Јованов**, наменет за студентите на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, по предметот **Солфеж 1**.

По прегледот на ракописот, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Предметот Солфеж 1 се слуша во прв семестар, на одделите: Музичка теорија и педагогија (со неделен фонд на часови од 2+2+2, со 8 кредити), Инструментален оддел и Етнокореологија (со неделен фонд на часови од 2+2+1, со 6 кредити) и Вокален оддел (со неделен фонд на часови од 1+1+1, со 4 кредити) на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Ракописот, кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по истоимениот предмет - Солфеж 1, е напишан на 55 страници. Предметната материја е обработена преку три основни елементи опфатени преку различни вежби:

1. Ритмички вежби
2. Интервалски вежби
3. Мелодиски вежби.

Првиот дел ги опфаќа вежбите преку кои се усвојуваат мерните единици: цела, половина со точка, половина, четвртина со точка, четвртина, осмина и шеснаестина, методски поделени во десет вежби; потоа триоли со разновидностите кои вклучуваат пау зи (како синкопи) и интегрирање во секстоли и различни видови на нерамноделни тактови и нивни комбинации според нивото и критериумот на предметната материја.

За интонирање и поставување на звучната материја од исклучителна важност е познавањето и усвојувањето на интервалите. Во наставниот материјал приложен во вториот дел од скриптата „Солфеж 1“ се обработени интервалите: големи и мали секунди, големи и мали терци, чисти кварти и чисти квини и октави.

Усвојувањето на метро-ритмичките и интервалските задачи се со цел поставување на основните хармонско-функционални односи, неопходни за пристапување на мелодиските вежби. Изборот на мелодиските вежби кои го опфаќаат третиот дел содржат и елементи кои се потребни за совладување на предметните материјали и на други предмети од наставната програма: хармонија (тоналитет, модулација, мутација), полифонија, правилно водење на гласовите и чувство за мелодиска прогресија. Приложените вежби опфаќаат пеење на мелодиски линии во C-dur, G-dur, e-moll скала.

**Материјалот изнесен во скриптата во целост ги задоволува целите на Наставниот план и програма по предметот Солфеж 1 и според начинот на кој ја обработува предметната материја ги исполува сите стандарди за скрипта, поради што им ја препорачуваме на студентите од Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. м-р Гоце Гавриловски, с.р.**
**Доц. спец. Георги Мицанов. с.р.**